| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Детски игри |
| **Содржина на денот** | „Чуварот на ЗОО градината“ |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Мр. Сања Алексоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговарајте со детето за дневните рутини за одржување на хигиена кога се игра со некое животно. Поставете прашања и објаснете му на детето зошто е потребно да се мијат рацете по допир на некое животно. |
| **Активности** | Со детето поведете разговор за искуството при посета на Зоолошка градина. Поттикнете го да ви раскаже како се чувствувало таму и кои животни најмногу му се допаѓаат.<br>Подвижната игра најдобро е да ја изведувате на отворено надвор. Во играта потребни се неколку учесници.<br>Формирајте круг и застанете на растојание од 1 или 2 метра. Еден учесник стои во средината и тој е водач на играта. Водачот инспириран од движењето на некое животно, покажува како треба да се движат останатите учесници. На даден знак учесниците треба да скокаат на една, две нозе, лесно да трчаат или полека да одат. Кога водачот од средината на кругот ќе каже „смрзни се“ бира учесник кој треба да имитира некое друго животно од ЗОО градината. Водачот кажува кое животно треба да го имитира. Тогаш го одбира следниот водач т.е. чувар на ЗОО градината. Целта на играта е да се развие свесно и фокусирано внимание.<br>На крајот можете да разгледувате енциклопедија на животинскиот свет и да ги продлабочите знаењата на детето според неговиот интерес за конкретно животно. |